FORUM FOR
REASONABLE POLICIES

Naum Naumovski - Borche, 68
1000 Skopje, Macedonia
+389(0)70388928

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2025**

**ФОРУМ ЗА РАЗУМНИ ПОЛИТИКИ**

Форум за разумни политики е тинк-тенк организација, основана во 2017 година со цел:
• Создавање основа за одржлив развој во доменот на демократијата, културата и економијата;
• Промовирање општество кое влече корени од разумот, како најиздржлив фундамент за градење на заеднички политики;
• Лансирање платформа за афирмација на реални, опипливи, здраворазумски политики и принципи, без разлика дали се популарни и „тренди" во моментот на нивното изговарање;
• Спротивставување на компромиси и лажни консензуси кои нудат палијативни решенија, но во својата суштина го продлабочуваат раздорот во општеството и го загрозуваат долгорочниот просперитет;
• Предизвикување и критичко преиспитување на позициите, политиките и ставовите на секој политички и економски естаблишмент, особено оние кои се отворено недемократски или проблематично демократски.

Во 2025-та година **Форум за разумни политики** ги имплементираше следните проекти:

1. **Наслов на проектот: Академија за јавни политики (четврта генерација)**

Период на имплементација: септември,2024 до декември,2025
Донатор: Влада на Швајцарија, имплементиран од Меѓународната фондација за изборни системи (IFES)

Академијата за јавни политики е наменета за претставници на подмладоците на политичките партии во Северна Македонија со цел едуцирање и подигање на идни политички и општествени лидери, опремени со општи и специфични вредности и знаења за политичките процеси во земјата.

Активности кои се спроведоуваат во рамките на проектот:

- Четири модули;
- Менторство и обука за изработката на документ за јавни политики;
- Ангажирање со локалните заедници и засегнатите чинители за релевантните прашања преку тематски дебати и дискусии;

2. **Наслов на проектот: „Доба на подобри политичари"**

FORUM FOR
REASONABLE POLICIES

Naum Naumovski - Borche, 68
1000 Skopje, Macedonia
+389(0)70388928

Период на имплементација: јуни, 2024 до март, 2025 (прва фаза)
Донатор: Владата на Обединето Кралство со поддршка на Британската амбасада Скопје

Активности

- **Локалното е витално. Специјализирана програма за поддршка на општинските партиски организации**

Поддршка на членовите на локалните партиски ограноци за да развијат процедури за подобра транспарентност, внатрешна и надворешна комуникација и етички стандарди.

- **Академија за пратеници**

Преку три модули кои опфаќаат обуки, едукативни тренинзи и менторство, интензивно се работи со пратениците во нивниот прв мандат, како и оние пратеници кои сакаат да ја подобрат својата активност во Парламентот.

- **Разумни разговори: дебати на високо ниво**

Предвидени се три дебати на високо ниво по Chatham House правила, на теми важни за долгорочните перспективи на државата но и на актуелни прашања. Дебатите имаат за цел да ја поттикнат културата на поголема соработка помеѓу политичарите од различни партиски определби, а притоа да отворат теми и дилеми кои се од значење за иднината на државата, меѓуетничките односи и потребата за поефективно креирање на политики и демократско владеење.

Период на имплементација: ноември, 2025 до март, 2026 (втора фаза)
Донатор: Амбасада на Велика Британија, имплементиран од Вестминстер фондација за демократија (WFD)

Активности

- Академија за пратеници во нивниот прв мандат- четврт модул

3. **Наслов на проектот: „Индекс на транспарентност на политички партии во Северна Македонија“**

Период на имплементација: февруари, 2025 до декември, 2025
Донатор: Амбасада на Велика Британија, имплементиран од Вестминстер фондација за демократија (WFD)

Индексот е направен да биде годишен потсетник и евентуален патоказ со цел партиите да увидат во кое поле од нивната работа има простор за подобрување. Индексот го мери

FORUM FOR
REASONABLE POLICIES

Naum Naumovski - Borche, 68
1000 Skopje, Macedonia
+389(0)70388928

прогресот на партиите, но уште повеќе придонесува партиите да влезат во своевиден натпревар самите со себе.
WFD и Форум за разумни политики го презентираа третиот извештај на ППТИ за Северна Македонија. Претставници на 11 политички партии опфатени во извештајот за 2025 година активно учествуваа во дискусијата, осврнувајќи се на оценките на нивните партии и споделувајќи информации за планираните внатрепартиски реформи за 2026 година и понатаму.

4. **Наслов на проектот: „Етика и политика – врзување на јазолот"**

Период на имплементација (прва фаза): март, 2024 до февруари, 2025
Период на имплементација (втора фаза): мај, 2025 до мај, 2027

Донатор: НЕД (National Endowment for Democracy -NED)

Во еден специфичен контекст пред, за време и по парламентарните и претседателските избори во 2024 година се спроведоа неколку активности во кои се осврнавме на горливите прашања во македонското општество: распространетата култура на корупција (морална корупција и сите други коруптивни практики), политичката (не)одговорност, неодговорното однесување од политичарите и нискиот степен на доверба кај граѓаните во однос на политичкиот процеси.

Активности (прва фаза):

- Во пресрет на изборите: како да научиме да разговараме меѓусебно? -длабинска едукативна сесија за 20 претставници на подмладоците на политичките партии
- Спуштање на температурата: сѐ што отсекогаш сте сакале да знаете за парламентот (Но, сте се плашеле да прашате) - едукативен семинар за пратеници во својот прв мандат
- Интегритет во политика: Можеме ли да поставиме стандарди?- тренинг за млади пратеници и претседатели и потпретседатели на подмладоците на политичките партии
- Истражувачка студија „Водич за доблесни политичари- Извештај за изборната етика" за парламентарните и претседателските избори во 2024 година.

Активности (втора фаза):

- Спроведено е сеопфатно истражување за состојбата на политичкиот интегритет во земјата, кое служи како основа за развојот на Индексот на политички интегритет и неговата методологија.
- Развиен е Индексот на политички интегритет, заедно со јасно дефинирана и транспарентна методологија за негова примена.

Naum Naumovski - Borche, 68
1000 Skopje, Macedonia
+389(0)70388928

- Индексот на политички интегритет е презентиран пред медиумите и стручната јавност, со цел да се добијат мислења, коментари и стручни сугестии за негово понатамошно унапредување.

5. **Наслов на проектот: „Застапување за инклузивен развој“**

Период на имплементација: декември, 2023 до септември, 2026
Донатор: Владата на Швајцарија преку програмата Цивика мобилитас

Во рамките на проектот „Застапување за инклузивен развој“ финансиски поддржан од Владата на Швајцарија преку програмата Цивика мобилитас, трите партнерски организации Форум за разумни политики, Институтот за општествени и хуманистички и науки и Балкански институт за регионална соработка (БИРС) целат кон подигнување на свеста на стручната и пошироката јавност за доследна примена на Болоњскиот процес, особено за неговата темелна вредност-мобилност преку измени во законот за Високо образование. Главната цел на проектот е да придонесе кон подобро и поквалитетно високо образование, длабоко интегрирано во економските текови во државата и надвор, во кое истражувањето и науката ќе се преточуваат во реалниот сектор и ќе бидат неизоставен дел од градењето на јавните политики во државата во кое младите успешни студенти ќе наоѓаат добро и сигурно академско-економско прибежиште, а со тоа и да се намали одливот на мозоци.

**Активности:**

- Изработка и публикување на: модел верзијата за Еразмус водич за С. Македонија
- Изработка на Акциски план за интерсекторско застапување од област образование
- Промоција на Акцискиот план
- Јавно застапување преку колумни и подкасти

6. **Наслов на проект: Имплементација на принципите на добро управување во проекти на јавно-приватно партнерство (GO PPP)**

Период на имплементација: декември 2024 до октомври, 2025
Донатор: „SMART Balkans – Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан“,

Форум за разумни политики беше вклучен во спроведување на регионалниот проект „Имплементација на принципите на добро управување во проекти на јавно-приватно партнерство (GO PPP)“ во соработка со партнерите од регионот: Институт за територијален економски развој InTER (Србија) - кои се носители на проектот, Институт за

FORUM FOR REASONABLE POLICIES

Naum Naumovski - Borche, 68
1000 Skopje, Macedonia
+389(0)70388928

претприемништво и економски развој (IPER) од Црна Гора, Албанскиот центар за економски истражувања (APER) од Албанија. Општата цел е на овој проект е промоција на принципите на добро управување во проектите на јавно-приватно партнерство (ЈПП) во земјите од Западен Балкан (конкретно: Србија, Црна Гора, Албанија и Северна Македонија). Специфичната цел е унапредување на партиципативниот пристап во ЈПП проекти преку зголемување на свеста на јавноста за важноста од активно учество во насока на транспарентност, одговорност, ефикасност и одржливост на развојните иницијативи. На регионално ниво, проектот ја воспостави Регионалната иницијатива за ЈПП, која ги обедини клучните носители на одлуки од четирите земји од Западен Балкан кои се дел од проектот. На локално ниво, проектот иницира локални форуми за ЈПП во четири пилот општини, обединувајќи претставници од граѓанското општество, јавниот и приватниот сектор и локалната власт. Проектот е поддржан со грант од регионалниот проект „SMART Balkans – Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан", кој го спроведуваат Центарот за промоција на граѓанското општество (CPCD), Центарот за истражување и креирање политики (CRPM) и Институтот за демократија и посредување (IDM), а финансиски е поддржан од Министерството за надворешни работи на Норвешка (NMFA). Во рамки на проектот беше спроведена анализа и објавена е студијата „Јавно – приватно партнерство во Северна Македонија" која има за цел да даде сеопфатен преглед на законодавната и институционалната рамка за развој на ЈПП во Северна Македонија и да обезбеди преглед на структурата за управување, законодавната и институционалната рамка, како и да ги истакне предизвиците и приоритетите за ефективна и ефикасна употреба на ЈПП за подобрување на инфраструктурата и обезбедувањето јавни услуги. Покрај студијата, изработен е и документ за јавни политики –Унапредување на јавно-приватните пратнерства во Северна Македонија.

На 27 Мај 2025 година во Подгорица се одржа регионална конференција во рамките проектот „Имплементирање на принципите на добро управување со проекти за јавно приватно партнерство (GO PPP)" каде меѓудругото беа презентирани наодите во спроведената студија за ЈПП во Северна Македонија од страна на Васко Карангелески, експерт за ЈПП, автор на студијата и документот за јавни политики. На конференцијата учествуваше и делегација составена од претставници на Министерството за локална самоуправа и Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.